Државната комисија за жалби по јавни набавки врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот „МЕДИТРЕЈД 94“ ДООЕЛ Скопје, изјавена против ненавремено одговорени прашања од страна на договорниот орган изготвени по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.19601/2021 за набавка стоки - антени за микробранова аблација на договорниот орган ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје, врз основа на член 160 став (1) точка 1 и став (2), (3), (4) и (5) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019 и „Службен весник на Република С. Македонија бр. 87/2021), на 57-та Седница одржана на ден 29.12.2021 година го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**1. СЕ ЗАПИРА** постапката по жалбата на жалителот „МЕДИТРЕЈД 94“ ДООЕЛ Скопје, изјавена против ненавремено одговорени прашања од страна на договорниот орган изготвени по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.19601/2021 за набавка стоки - антени за микробранова аблација на договорниот орган ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје.

**2. Заклучокот** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечен по извршената достава.**

## ***О б р а з л о ж е н и е***

Договорниот орган, спровел постапка за јавна набавка по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.19601/2021 за набавка стоки - антени за микробранова аблација и донел Одлука за јавна набавка од16.11.2021 година

Незадоволен од ненавремено одговорени прашања од страна на договорниот орган жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки изјави економскиот оператор „МЕДИТРЕЈД 94“ ДООЕЛ Скопје.

Во одговорот на жалба договорниот орган наведува дека ги прифаќа забелешките од жалбата од страна на жалителот и согласно тоа изготвил Одлука за поништување на постапката.

Државната комисија по извршениот увид до документацијата од досието на постапката на ЕСЈН утврди дека договорниот орган ја поништил постапката со донесување на Одлука за поништување на постапката бр.33-158/2 од 23.12.2021 година.

Оттука, Државната комисија разгледувајќи ги доказите кои се дел од досието на постапката на ЕСЈН, постапи согласно член 160 став (1) точка 1 од Законот за јавните набавки во кој е наведено: „(1) Државната комисија во жалбената постапка може да: 1. ја запре жалбената постапка“.

**Упатство за правно средство:** Согласно член 170 од Законот за јавните набавки и член 26 од Законот за управните спорови, против овој заклучок незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на заклучокот.

Бр.09-1221/6
29.12.2021 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Кирил Каранфилов**

Доставено до:
- Архива,
- „МЕДИТРЕЈД 94“ ДООЕЛ Скопје
- ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје